# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 12 Јуни 2018 година<br>Службен гласник број 9<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијалн банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
| *Адреса: „Прилепски бранители “ бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил:prilep@prilep.gov.mk* | | |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (вСлужбен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Прилеп за 2018 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 2289/1
12.06.2018 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36, став1, точка 2 од Законот за локална самоуправа Службен весник на РМ бр. 05/2002 година и член 28, став 1 од Законот за финансираѓе на единиците на локалната самоуправа Сл. весник на РМ бр. 61/2004, 67/2004, 96/2004, 67/2007,156/2009, 47/2011 и 192/2015 година, Советот на Општина Прилеп на 15 седница одтжана на 12.06.2018 година донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ПРИЛЕП** За **2018** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина ПРИЛЕП за 2018 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 609.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 8.982.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 4.392.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 6.789.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 928.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 421240 | Течни горива | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 9.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 8.982.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 2.192.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 2.200.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 401130 | Основни плати -други вработени | 0 | 3.500.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 1.100.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** | **0** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 89.000 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 100.000 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** |
| **V20** | **ДОМОВИ ЗА СТАРИ** | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 700.000 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** |
| 424410 | Поправки и одржување на мебел | 0 | 228.000 | 0 |
| | | **0** | **21.700.000** | **0** |

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општината и станува составен дел на Буџетот за 2018

година

Бр. 09-2287/2
12.06.2018 година

Претседател на Советот на
Општината
**Миле Талески**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА ЗА ПАРКИРАЊЕ НА ПАТНИЧКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ВРЕМЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ПИВО ФЕСТ 2018 –ПРИЛЕП, НА ЈП ЗА ПУП-ПРИЛЕП**

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за паркирање на патнички моторни возила за време на одржување на ПИВО ФЕСТ 2018 –ПРИЛЕП, на ЈП за ПУП-Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 2289/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 12.06.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за паркирање на патнички моторни возила за време на одржување на ПИВО ФЕСТ 2018 –ПРИЛЕП, на ЈП за ПУП-Прилеп

член 1

Се дава согласност на Одлуката за утврдување на цената за паркирање на патнички моторни возила за време на одржување на ПИВО ФЕСТ 2018 –ПРИЛЕП, на ЈП за ПУП-Прилеп, бр.02-638/4 од 05.06.2018 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈП за ПУП-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

Број 09-2287/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год. на Совет на Општина Прилеп
Прилеп Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП 2014-2019 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на програмата за спомен обележја на Општина Прилеп 2014-2019 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 2289/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) а в.в. со член 17 од Закон за меморијални споменици и спомен-обележјата (,,Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 89/2008, 152/2015) и Заклучокот од Советот по барање за одобрување на локација и издавање на согласност за поставување на спомен плоча бр. 09–1997/13 од 23.05.2018 година, Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 12.06.2018 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП 2014-2019 ГОДИНА**

Програмата за спомен обележја на Оопштина Прилеп 2014-2019 година (’’Службен гласник на Општина Прилеп" бр.2/2014, 14/205 и 16/2016) се дополнува и тоа:

СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ во чест на Ненад Серафимоски кој го даде животот во Диво Насеље на ден 09.05.2015 година штитејќи го уставниот поредок на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Прилеп,,.

Број 09-2287/4
12.06.2018 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕТО, ЧУВАЊЕТО, ОДРЖУВАЊЕТО, ЗАШТИТАТА И КОРИСТЕЊЕТО НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ ВО ЧЕСТ НА НЕНАД СЕРАФИМОСКИ**

1. Одлуката за подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен-обележје во чест на Ненад Серафимоски, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 2289/4
12.06.2018 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02) а в.в. член 18 од Закон за меморијални споменици и спомен-обележјата (,,Службен весник на РМ“ бр.66/2004, 89/2008,152/2015) и Заклучокот од Советот по барање за одобрување на локација и издавање на согласност за поставување на спомен плоча бр. 09–1997/13 од 23.05.2018 година, Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 12.06.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за подигањето, чување, одржувањето, заштитата и користењето на спомен-обележје во чест на Ненад Серафимоски**

член 1

Со оваа Одлука се уредува подигнувањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен-обележје во чест на Ненад Серафимоски кој го даде животот во Диво Насеље на ден 09.05.2015 година штитејќи го уставниот поредок на Република Македонија.

член 2

Локацијата на спомен-обележјето во чест на Ненад Серафимоски заедно со целото партерно решение ќе биде поставена во паркот кај основниот суд во Прилеп со точно прецизирана локација во проектот за поставување на спомен обележје-плоча бр.09-2039/1 од 30.05.2018 година, доставен од страна на донаторот.

член 3

Спомен-обележјето ќе претставува плочата изработена од мермер ќе биде во висина од 150cm, поставена на постамент од 20cm на која ќе биде испишан текст ,,сите дадовме нешто, а некои дадоа се,, во спомен на припадникот Ненад Серафимоски кој го даде животот во Диво Насеље на ден 09.05.2015 година штитејќи го уставниот поредок на Република Македонија.

Член 4

За спроведување на постапката за подигањето на спомен-обележје се грижи и е одговорно тело Одбор за подигање на спомен-обележје со мандат до завршување на целокупната постап. во следниот состав:

**-претседател: Марика Јовческа**, вработена во ЕЛС Општина Прилеп;
**-член: Тони Камчески**, член на Совет на Општина Прилеп и претседател на Комисијата за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија;

**-член:Спире Пиргановски,** полномошник од страна на инвеститорот Крсте и Сузана Ѓуракови;

Член 5

Подносителот на иницијативата за подигнување на спомен-обележе ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележјето.

Член 6

Потребните средства за подигањето на спомен обележјето ќе ги обезбеди Подносителот на иницијативата .

Член 7

Спомен-обележјето ќе се подигне во рок кој е неопходно потребен за спроведување на целокупната постапка согласно закон.

Член 8

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-2287/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год. на Совет на Општина Прилеп
Прилеп Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЦРКОВНА ТРПЕЗАРИЈА СО АДМИНИСТРАТИВЕН ДЕЛ, ВО СОСТАВ НА ХРАМОТ ,,СВ.ПРЕП.МЧЦА. ПАРАСКЕВА''-НАСЕЛБА ТОЧИЛА ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на црковна трпезарија со административен дел, во состав на храмот ,,Св.преп.мчца. Параскева''-населба Точила во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2289/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02) и Програмата за уредување на градежно земјиште за 2018 (,,Службен Гласник на Општина Прилеп,, бр.16/2017 и 3/2018), Советот на Општина Прилеп на ден 12.06.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**
за ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на црковна трпезарија со административен дел, во состав на храмот ,,Св.Преп.Мчца. Параскева''-населба Точила во Прилеп

член 1

Храмот ,,Св.Преп.Мчца. Параскева''-населба Точила во Прилеп се ослободува од обврската за плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на црковна трпезарија со административен дел, во состав на храмот.

член 2

Одлуката да се достави до Храмот ,,Св.Преп.Мчца. Параскева''-населба Точила во Прилеп, Градоначалникот, Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-2287/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год. на Совет на Општина Прилеп
Прилеп Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ НАПЛАТА НА ПАРКИРАЊЕ**

1. Одлуката за дополнување на Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2289/6 — ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Илија Јованоски

Врз основа на член 4, став 2 од Одлуката за условите и начинот на паркирање, организација и начинот на паркирање, организација, уредување и начин на наплата на јавните паркиралишта, како и блокирање, деблокирање, пресметување и чување на возила на подрачјето на Општина Прилеп, Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 12.06.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за дополнување на Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање

Член 1

Во Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/2008, 7/2012) по член 1 се додава нов член 1 б, кој гласи:

"Член 1 б''

Се иззема од наплатата на надоместок за паркирање следната локација :
-простор од 5м2 на 2,5м2, пред ДООЕЛ ПИЦА-ЛЕОНЕ-Прилеп, бул.Гоце Делчев бр.84, предвидени во член 1 од Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање, ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 3/2008, 7/2012).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-2287/7 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год. — на Совет на Општина Прилеп
Прилеп — Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИОТ ОБЈЕКТ НА КП БР.156 КО МАНАСТИР, НА БАРАЊЕ ОД АЦЕСКИ ДЕЈАНЧО**

1. Одлуката за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.156 КО Манастир, на барање од Ацески Дејанчо, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2289/7 — ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Илија Јованоски

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12 и 72/13) како и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од

Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 12.06.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.156 КО Манастир, на барање од Ацески Дејанчо

член 1

Се утврдува дека се исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.156 КО Манастир.

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-2287/8 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год. | на Совет на Општина Прилеп
Прилеп | Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО НЕДВИЖЕН ИМОТ**

1. Одлуката за престанок и пренесување на правото на користење и управување со недвижен имот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2289/8 | ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година | на Општина Прилеп
П р и л е п | Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 12.06.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за престанок и пренесување на правото на користење и управување со недвижен имот

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп му престанува правото на користење и управување со недвижен имот заверен на КП.бр.3920- куќа, во површина 245 м2, двор во површина 421 м2 и КП.бр.3921 - куќа 116 м2 и двор 192 м2, двете во м.в." Питу Гули", заведена во Пл. Бр. 6766, КО Прилеп (или нов КП бр.10921 за КО Прилеп), претходно доделено со одлука за распределба на правото на користење и управување со недвижен имот бр.07-298/5 од 03.03.2005 година.

Член 2

Правото на користење и управување со недвижен имот наведен во член 1 и тоа: недвижен имот заверен на КП.бр.3920- куќа, во површина 245 м2, двор во површина 421 м2 и КП.бр.3921 - куќа 116 м2 и двор 192 м2, двете во м.в." Питу Гули", заведена во Пл. Бр. 6766, КО Прилеп (или нов КП бр.10921 за КО Прилеп), се пренесува на ЈКП Комуналец-Прилеп.

Член 3

Советот дава согласност на Одлуката бр.02-181/2 од 07.06.2018 година на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп.

Советот го става вон сила член 2 од одлуката за распределба на правото на користење и управување со недвижен имот бр.07-298/5 од 03.03.2005 година, само во делот на наведениот недвижен имот во членот 1 на оваа одлука.

член 4

Одлуката да се достави до ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, ЈКП Комуналец-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 5

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 09-2287/9 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год. | на Совет на Општина Прилеп
Прилеп | Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ И СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2289/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 од законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02), член член 26 ст 1 точка 16 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп (Сл.гласник бр.6/03, 4/05 и 10/08), и член 80 став 1 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16) Советот на Општината Прилеп на седницата одржана на 12.06.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за измена на Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Прилеп

Член 1

Во член 14 став 3 од Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.2/2018) зборовите ,,но не поголема од 4,5 м,, СЕ ЗАМЕНУВААТ со зборовите ,, но не поголема од 6 м,,

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 09-2287/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год. на Совет на Општина Прилеп
Прилеп Миле Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО БАРАЊЕТО НА ПОДДРШКА ОД ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ФЕСТИВАЛ НА ПИВОТО 2018**

1. Заклучокот по Барањето на поддршка од Општина Прилеп за манифестацијата Фестивал на пивото 2018, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2289/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.06.2018 година на Општина Прилеп
П р и л е п Илија Јованоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ" бр. 05/02), Советот на Општината Прилеп на седницата одржана на 12.06.2018 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
по Барањето на поддршка од Општина Прилеп за манифестацијата Фестивал на пивото 2018

1. Советот го разгледа Барањето на поддршка од Општина Прилеп за манифестацијата Фестивал на пивото 2018, бр.09-2280/1 од 11.06.2018 год и имајќи во предвид дека Градоначалникот на Општина Прилеп по однос на ова барање има позитивен одговор бр.09-2280/2 од 12.06.2018 година, Советот исто така со овој заклучок дава позитивно мислење по однос на барањето.
2. По однос на Барањето бр.09-2280/1 од 11.06.2018 год, Градоначалникот на Општина Прилеп и ЕНТИФИНИТИ ДООЕЛ Скопје да склучат меморандум за соработка.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во ,,Службен гласник на општината Прилеп".

Број 09-2287/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
12.06.2018 год на Совет на Општина Прилеп
Прилеп Миле Талески

***СОДРЖИНА***

***на Службен гласник на Општина Прилеп број 9 од 12.06.2018 година***


1. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Прилеп за 2018 година.....................................................................................................................................стр.2
2. Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за паркирање на патнички моторни возила за време на одржување на ПИВО ФЕСТ 2018 –ПРИЛЕП, на ЈП за ПУП-Прилеп.....................................................................................................................................стр.4
3. Програма за дополнување на програмата за спомен обележја на Општина Прилеп 2014-2019 година.....................................................................................................................................стр.4
4. Одлука за подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен-обележје во чест на Ненад Серафимоски.........................................................................................стр.5
5. Одлука за ослободување од плаќање надомест за уредување на градежно земјиште за изградба на црковна трпезарија со административен дел, во состав на храмот ,,Св.преп.мчца. Параскева''-населба Точила во Прилеп.......................................................................................стр.6
6. Одлука за дополнување на Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање.......................................................................................стр.7
7. Одлука за утврдување исполнети услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект на КП бр.156 КО Манастир, на барање од Ацески Дејанчо.........................................................стр.7
8. Одлука за престанок и пренесување на правото на користење и управување со недвижен имот.....................................................................................................................................стр.8
9. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Прилеп.........................................................стр.9
10. Заклучок по Барањето на поддршка од Општина Прилеп за манифестацијата Фестивал на пивото 2018.....................................................................................................................................стр.9



ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Илија Јованоски -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци